КАРТИЧКИ СО ПРАШАЊА

Ако треба да добиеш медал за храброст, за која работа што си ја направил/а ќе го добиеш?

Кога си била/а горд/а на себеси бидејќи си успеал/а да му помогнеш некому?

Дали некогаш си им рекол/ла НЕ на останатите и си бил/а горд/а на тоа?

Кое е твое најголемо физичко достигнување?

На кој начин може да се забележи дека ти си креативна личност?

Кога си помогнал/а да се смират двајца што се скарале?

Кога си се радувал/а на успехот на твој близок како да е твој сопствен?

Кога си бил/а задоволен/на што си работел/а според планот што си го подготвил/а?

Кој е првиот успех за кој се сеќаваш дека си го постигнал/а кога си бил/а мал/а?

Опиши едно нешто што го сметаш за успех што си го постигнал/а во училиште.

На што си посебно горд/а во врска со себеси како член на своето семејство?

Опиши едно нешто што го сметаш за успех, а си го постигнал/а надвор од училиштето.

Кој е твојот најнов успех?

Кој е твојот најмал ама многу сладок успех?

Кој е твојот идол и во што си барем малку како него/неа?

Кога последен пат некој ти помогнал да успееш?

Од твое лично искуство, каков совет каков совет за постигнување на успех во учењето би му дал на прваче?

Наброј барем три мали успехчиња што си ги постигнал/а откако денес си се разбудил/а?

Колку успеси, а колку неуспеси во просек имаш на ден?

Колку време ти требало последниот неуспеш да го преболиш и да се обидеш повторно?